Почитуван претседател и претставници на општинскиот Совет,
Почитуван градоначалник на Бор Г-дин Александар Миликиќ со неговата делегација
Почитувани претставници на општинската администрација,
раководители на локални институции,
Почитувани претставници на медиумите и останати присутни

Оваа година кога прославуваме 76 години од ослободувањето на Крива Паланка, ќе остане врежана во нашите сеќавања по многу убави и пријатни мигови, но и поради тоа што за првпат ја прославуваме во услови на светска пандемија од Ковид 19. Покрај тоа што сме соочени со пандемијата, соочени сме и со предизвикот како да се продолжи да се функционира нормално, а сепак тоа да биде безбедно и сигурно и по нашето здравје, но и по здравјето на нашите најблиски и соработници. Во таа насока, од мое лично име ќе Ви посакам пред се добро здравје, светла мисла, верба во крајниот успехот и многу позитивна енергија, затоа што тие се основа за да се справите со секој предизвик.

На прославата на овој ден, кога во нашата колективна меморија се навраќаме на делото и славата на нашите предци не само од периодот на нашето антифашистичко минато, туку и на сите оние кои се втемелија во нашата самобитност и историја, сакам да се заблагодарам на сите претходни генерации кои оставија траен белег за својот град, за својата општина за нашата Македонија.

Почитувани,
Несомнено со напредокот на државата и Крива Паланка продолжува да чекори по патот на просперитет, стабилност, развој и општ подем. Она што минатата година го најавивме дека 2020 ќе биде година на капитални инвестиции, полека но реално и го оствaруваме и во услови на пандемија. Процесите кои започнаа, продолжуваат, можеби со забавено темпо, но сепак со една и само една крајна цел, а тоа се подобри и современи услови за живот на сите граѓани, подобри услови за работа на бизнис секторот, развој на руралните средини, промоција на културно, историското и природното наследство.

Во оваа прилика упатувам јавна благодарност до Владата на Република Северна Македонија која реално покажа чуство за решавање на долгогодишните проблеми на Крива Паланка и на регионот во целина.

Изградбата на експресниот пат од Ранковце до Крива Паланка, рехабилитацијата на постоечкиот патен правец, рехабилитацијата на патот од Куманово кон Страцин, изградба на трета лента од Крива Паланка кон ГП Деве Баир, а од пред неколку дена и од Узем кон Тораница во должина од 10км, е нешто со што Крива Паланка добива централна улога на Паневропскиот Коридор 8.

Покрај активностите на Коридор 8, за истакнување во оваа 2020-та се три до четири области во кои како општина бележиме најголем напредок:

-инвестирање во руралната и урбаната инфраструктура,

-инвестирање во заштита на животната средина,

-инвестирање во социјалната заштита и

-инвестиции во образованието, младите и спортската инфраструктра.

Во првата област, руралната инфраструктура, започнатите инвестиции од претходната година на патните правци кон с.Огут, после 40 години, продолжија и оваа година со нови 22.000.000 денари и рехабилитација на патот до 15-тиот километар до с.Габар, но и инвестиција од 26.000.000 денари за продолжување на патниот правец кон с.Крстов Дол и граничниот премин Голеш, Р. Србија, на кој веќе финишира асфалтирањето. Напоредно на тоа завршени се патните правци во с.Голема Црцорија и Трново во должина од 3км, патот кон с.Варовиште и манастирот Св.Јоаким Осоговси во должина од 3км, а во финална фаза е и патот Лиска-Стублица во с.Конопница со должина од околу 2км. или со вкупна инвестиција од над 50.000.000 денари. Кога сме кај руралната инфраструктура покрај изработката на нова преоктна документација за нови патни правци, водоводи и канализациони системи, во изминатиот период изграден е еден крак од канализација во с.Конопница, а потпишани се договори и во секој момент се очекува отпочнување на градба на примарни канализациони мрежи во н.Мизовски ливади и н.Крстата падина и секундарен мрежа на водовод во с.Луке.

Во урбаниот дел на градот покрај рехабилитацијата на неколку поголеми улици како што се Калин Камен, Пиринска, Лозановска, Јоаким Крчовски, се очекува отпочнување на рехабилитација на патниот правец кон градските гробишта. Во моментот тече јавната расправа за влијанието на овој проект врз животната средина, а потоа ќе следи распишување на јавната набавка за избор на изведувач на работите. Во тек е рехабилитацијата на градскиот парк и плоштад во висина од околу 660.000 евра, преку проектот за Локална и регионална конкурентност на општините, но и проктот во висина од 650.000

евра за замена на механичките со дигитални водомери за околу 4500 корисници, проектот за изградба на тротоари долж главната градска улица од старата чаршија до излезот на градот во висина од 160.000 евра.

По однос на втората област, управувањето со отпад и заштитата на животната средина, започна со реализација проектот за регионално управување со отпад во Североисточниот и Источниот плански регион. Во таа насока покрај 3 нови возила за смет од 4, 6 и 10 метри кубни за ЈП Комуналец, општина Крива Паланка ќе добие и 192 сада за смет, а по изборот на надзор ќе се започне и со трајно затворање на депонијата во с.Конопница. За оваа цел сакам да изразам јавна благодарност до МЖСПП и ЕК кои ги обезбедија средствата за реализација на овој проект. Кога сме кај техничката опременост треба да се истакне и да се упати благодарност до Јапонската амбасада и Јапонскиот народ за донацијата на уште едно ново возило за смет на ЈП Комуналец. Со овие возила, обезбедениот нов скип од Светска Банка и набавените плус 2 возила за смет од сопствени извори, или вкупно 7 нови возила за само една година, возниот парк на ЈКП е целосно променет и во одлична состојба да се справи со сите предизвици на овој план.

Почитувани,
Кога сме на тема заштита на животната средина, за одбележување е и тоа што оваа година под иницијатива на Владата, МЖСПП, МЕД, СДЦ започната е постапката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје на природата од петта категорија. Оваа постапка не само од аспект на одржливо управување на расположивите ресурси, дополнително ќе придонесе кон промоција и развој на дополнителни гранки и области. Промоцијата на локалитетите Калин Камен, Станечки Водопади, археолошкиот локалитет Градец се само дополнителен мотив да се посветиме на нивна поголема уреденост и промоција. Пристапот за современ начин за промоција преку ГИС, нова веб страна за туризам и дополнителна рекламна инфраструктура се само дел од она што е завршено или ќе се заврши во текот на оваа година.

По однoст на инвестициите во сверата на социјалната заштита и образованието, оваа година се направи вистински исчекор. Само со вториот објект на градинката преку донации и сопствени извори се инвестираа околу 15.000.000 денари за уредување на внатрешниот и надоврешниот изглед на објектот, се набави ново возило за транспорт на храна, се промени системот за затоплување со парниот котел, се инвестираше во нов кров,

термоенергетска фасада, нови капацитети. Во исто време пред отпочнување е надградбата на втор кат на објектот во централното градско подрачје во висина од 23.500.000 денари.

Во училиштата после 40 години се инвестираше во уредување на тоалети, санитарии, пристапни простории и ходници, нови инвестиции во набавка на надгледни средства, воведување на оптички интернет за сите училишта но и набавка на нова информатичка технологија во согласност со новите потреби за онлајн настава. Она што можам да го најавам е отпочнувањето на промената на фасадата на централниот објект на ООУ Јоаким Крчовски во висина од околу 3,500.000 денари, но и подготовка на документација за реновирање на спортската сала во ООУ Илинден, обнова на оградата во ПОУ 1 во Мождивњак, подготовка на проектна документација за уредување и оградување на спортскиот терен во СОУ Ѓорче Петров. Во оваа прилика користам можност да упатам јавна честитка по однос на 60 гидишниот јубилеј на СОУ Ѓорче Петров, кој го одбележуваме оваа година, со желба за уште многу успешни генерации со матуранти, магистранти и доктори на науки, но и честитки за останатите образовни институции кои се справуваат со секојдневните предизвици за организација на наставата во услови на пандемија.

Вистински исчекор оваа година е направено во инвестирањето во нова спортска инфраструктура, и треба сите да бидеме горди на тоа. Со грантот добиен од Бугарска Амбасада и со сопствени средства, по стандардите на Светската атлетска федерација изградивме најсовремена тартан подлога на атлетската патека на градскиот стадион, нов скејт парк и мини голф терен. Со проект од програмата на ИПА со СИПР и партнер организација Профилактика за здравје од Благоевград изградивме најмодерна фитнес зона на отворено и уште еден мини голф терен, а преку Агенцијата за млади и спорт во тек е изградбата на современо игралиште за баскет во дворот на УД Боро Менков. Оваа инфраструктура даде мотив плус и стимул на скоро сите генерации да ги „изнесеме“ на спортските терени. Спортските резултати несомнено дека ќе дојдат последователно, како што плодот оваа година го собираат кошаркарките на КК Крива Паланка кои за прв пат ќе се натпреваруваат во Женската Адријатик кошаркарска лига, а го имаме и првиот кривопаланчанец кој ја продолжува својата кошаркарска каериера на американско тло во НБА лигата. Деновиве очекуваме и потпишување на договорот на уште еден поголем проект за пешачко рекреативна патека од градскиот стадион кон Мотел Македонија и манастирот Св.Јоаким Осоговски, но и продолжување на

пешачката патека Стара Вада до Маневски Мост, Пешачко рекреативна патека кон Станечки Водопади.

Набавката на нова опрема за Зелениот градски пазар, но и со средства обезбедени од МТСП во партнерство со ОО на Црвен Крст за ново возило и оформување на патронажни и лиценцирани служби за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови, проектот за воспитно образовни асистенти за дечињата со пречки во развојот преку УНДП и општината, се само дел од повеќето други проекти кои навистина ни значат и нам и на самите корисници.

Во оваа прилика сакам јавно да се заблагодарам и на нашиот прв почесен граѓанин НЕ, господинот Самуел Жбогар, со чија помош веќе во ноември ќе ја добиеме првата Европска куќа во Крива Паланка, а градежните активности се во полн ек. Благодарност и до НЕ Кристијан Тимоние, за она што го имавме како идеја од Јуроп Рајд, но го одложивме за следната година од оправдани причини и пандемијата, Јапонската амбасада, Норвешката амбасада но и сите останати кои на некаков начин помогнаа во реализација на нашите идеи.

Велат вредиш колку пријатели имаш, а ние ја продлабочуваме соработката со нашите постоечки пријатели, но и ја прошируваме со нови. Во изминатиот период на листата на збратимени градови ги додадовме Жупања од Р.Хрватска и еве денес Бор од Р.Србија. Креираме историја во која градиме мостови на соработка и пријателство и таа историја мора да биде запишана за сегашните и идните генерации како патоказ но и како белег на ова време. За таа цел оваа година издаваме Монографија за Крива Паланка 1633-2020 година. Тоа е едно прекрасно дело во кое авторите го отсликаа во најдобро можно светло постоењето на овој град од сите аспекти, за што неизмерно им благодарам, а официјалната промоција на делото е токму во чест на овој 8-ми Октомври.

Покрај техничката документација за поголем број на проекти, како што е проектот за гасификација на Крива Паланка, сервисна улица од Далфис кон Станица за технички преглед на моторни возила по левата страна на Крива Река, нов патен правец кон Калин Камен, не изостана и стратешкото планирање. Во изминатиот период беа подготвени неколку значајни петгодишни стратешки документи како што се: Стратегија за развој на туризмот, Стратегија за развој на спортот и младите, Социјален план со

социјална карта за Крива Паланка. Ова ќе биде основата по која ќе се движиме во следниот период.

Почитувани присутни,

Искрено се надевам дека патот по кој чекориме кон ЕУ, широко ќе ни ги отвори перспективите за подобар и поубав, а пред се модерен град, можности за нови проекти и фондови, град кој ќе нуди отворени можности за сите и каде што младите луѓе ќе ги формираат своите семејства, ќе ги градат и унапредуваат своите кариери и ќе останат да живеат и творат тука,.

Затоа сите ние како носители на јавни функции, Советници, раководители на јавни институции, треба заеднички да продолжиме да ја водиме Крива Паланка напред и да бидеме горди на она што сме и на она што го правиме за сегашноста и иднината на нашата Крива Паланка. Крива Паланка и нејзините граѓани го заслужуваат тоа!

Дозволете ми во таа чест од мое лично име и од име на сите граѓани на Општина Крива Паланка, да упатам честитка по повод 8-ми ОКТОМВРИ – ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КРИВА ПАЛАНКА.

Нека ни е честит и вековит Денот на ослободувањето на Крива Паланка.
Да живее Крива Паланка,
да живее Република Северна Македонија.